РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-320/4
15-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-320/1 од 22.01.2025 година против службеното лице -----, член на Комисијата за -------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

ДКСК ќе достави укажување до Министерството за дигитална трансформација и до Собранието на Република Северна Македонија како надлежни институции за предлагање и носење на Законот за електронските комуникации, со цел преиспитување на член 17 став 1 од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.11.2024 година, поднесена е пријава, по што е оформен предмет со бр. 12-3017/1, против лицето ------, член на Комисијата за ----- со наводи дека при изборот за вршење на функцијата член на Комисијата за ------- не се испочитувани одредбите од член 17 став 1 од Законот за електронски комуникации.
Имено, во пријавата е наведено дека лицето извршувало должност во орган и тело на политичка партија -------, односно е актуелен делегат на конгрес на ---- и претседател на Унијата на -----.
Имајќи предвид дека наводите од пријавата се однесуваат на неспоивост на функцијата член на Комисијата за ------ со извршител на должност во органите и телата на политичка партија, Државната комисија на колегиум одржан на ден 21.01.2025 година донесе заклучок предметот со Службена белешка да се префрли во Одделението за спречување на судир на интереси и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

лобирање за натамошно постапување по што се оформи предмет со бр. 09-320/1 од 22.01.2025 година.

Постапувајќи по поднесената пријава и заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија преку писмен допис се обрати до Политичката партија --. Од страна на Политичката партија ------ до Државната комисија е доставен одговор со кој известуваат дека лицето ----- поднела изјава до Политичката партија на ден 11.04.2024 година дека под морална, материјална и кривична одговорност не извршува никакви должности во органите и телата на оваа Политичка партија заклучно со истата дата на поднесување на изјавата.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, односно службеното лице ---- не го прекршило член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси а во врска со член 17 став 1 од Законот за електронски комуникации со кој е предвидено следното:

„Во текот на времетраењето на својот мандат членовите на Комисијата не можат да бидат пратеници во Собранието на Република Македонија, членови на Владата на Република Македонија, **како и лица кои извршуваат должности во органите и телата на политички партии**, како и да бидат вработени во оператори."

Државната комисија оцени дека има потреба од преиспитување на член 17 став 1 од Законот за електронските комуникации, односно оцени дека има потреба од утврдување на временски период пред назначувањето на лицето за член на Комисијата ----------, истите да не извршуваат должности во органите и телата на политички партии, како и да бидат вработени во оператори.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:.
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk